Ј.З.У. ОПШТА БОЛНИЦА-ОХРИД
ПРИМЕНО: 04.03.2026
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
03-197/2-4

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОЦЕНА

## на пазарна вредност на транспортни средства

**Предмет на процена:**

Транспортно средство ПМВ-Lada Sanitet OH-953-BF

**Сопственост на:**

Република Северна Македонија ( корисник е Ј.З.У Општа Болница – Охрид)

**Нарачател:**

Ј.З.У Општа Болница - Охрид

**Намена:**

Постапка за отуѓување на застарени и дотарени и неупотребливи транспортни средства

**Охрид, Февруари 2026**

Овластен проценител: **ПРИМА ТИМ ДОО Охрид**
**Број на лиценца 0172-Т**
Email:**prima_tim@yahoo.com**
**www.primatim.com**
Проценувач: **Медароски Ѓорѓи**
Тел: **070-637-731**

Друштво за процена и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО
БР. 02-21/6
23.02 2026 год.
Охрид

# СОДРЖИНА

1. ПРОЦЕНА

Користена методологија
Извештај за извршена процена и општа состојба
Табела за утврдување на конечна вредност на транспортното средство

2. ПРИЛОЗИ

Фотографии од увид на лице место
Изјава за извршена процена
Уверение од проценител
Лиценца од фирма

## ЦЕЛ И НАМЕНА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОЦЕНА

Целта на процената е да се утврди објективната пазарна вредност на транспортно средство кое е во сопственост на **Република Северна Македонија** (**корисник е ЈЗУ Општа Болница**). Процената се врши по барање на **ЈЗУ Општа Болница Охрид** согласно Барање за процена бр.03-197/1 од 16.02.2026 година.Намената на процената е за сопствени потреби-спроведување постапка на отуѓување на расходовани,дотраени застарени и неупотребливи транспортни средства.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Проценувањето на реалната вредност на транспортното средство се врши според Законот за процена (Службен весник на РМ бр.115/10 158/11 и 185/11) и Методологијата за процена на транспортни средства (Службен весник на РМ бр. 23/12).

Основата на вредност се утврдува во три основни категории:

- Проценка на вредноста, врз основа на **Пазарен-продажен метод**, со примена на принцип на споредба. Односно утврдување на цената што ќе се постигне за средството во хипотетичка трансакција на отворен и слободен Пазар која може да биде договорена меѓу две специфични страни за размена на тоа средство;

- Проценка на вредноста врз основа на Метод на **депресиран трошок за замена-трошковен метод** се определува преку пропишана законска стапка на амортизација, согласно уредбата за начинот на пресметување на амортизација, т.е. отписот на вредноста на материјалните средства. Набавната вредност на транспортните средства се утврдува во согласност со прифатените сметководствени стандарди.

- Проценка на транспортните средства може да се направи и врз основа на користите и ефектите т.е. потенцијалот за остварување на **приход или Метод на приход**.

За што пореално проценување на транспортното средство направен е увид во документација со земање на податоци од нарачателот на проценката, доставени податоци од МВР на РСМ и увид на самото возило на терен.

Анализирана е општата состојба на средствата, анализирана е застареноста и можноста истите да продолжат во остварување на работниот процес земајќи ги предвид условите во кои работат (работеле) средствата.

Факторите на корекција при процената се внесени со согледување на моменталната состојба на средствата на терен при извршениот увид и испитувајќи ја понудата и побарувачката на пазарот преку прибирање на информации од стандардизирани каталози и преку споредбено вреднување на средствата со користење на информации од меѓународни интернет сајтови при одредување на куповната цена која се намалува/зголемува за извозните/увозните давачки, даноците кои не се рефундираат и сите други издатоци кои директно се додаваат/одземаат на средствата за нивната намена. Доколку се работи за нереализирани понуди, понудената цена се намалува за одреден процент.

Како дополнителни извор на информации кој што се користени од страна на проценителот се:

- www.avto.net (Веб портал за продажба на возила со исти карактеристикиво Европа)
- www.autoline.info (Веб портал за продажба на возила со исти карактеристикиво Европа)
- www.mobile.de (Веб портал за продажба на возила)
- www.reklama5.mk (Веб портал за продажба на возила со исти и слични карактеристики на територијата на Република Македонија)
- www.pazar3.mk (Веб портал за продажба на возила со исти и слични карактеристики на територијата на Република Македонија)
- Цени на официјални претставници во Република Македонија.
- Цени на откуп на старо железо во овластени отпади во Р.Македонија и тоа: отпад „Охрид" и „Екоцентар 97 Скопје" www.ekocentar97.mk

Проценетата вредност на возилото дадена во прилог можела да се користи и како почетна пазарна цена при лицитации за возила. Процената може да се користи само за намената за која е направена.

**Важноста на процената е една година.**

Фактичка состојба на транспортното средство во извештајот се означува со:

1. Исправно
2. Неисправно - нерегистрирано
3. Неупотребливо

По извршената анализа на возилото, проценителот утврди дека состојбата на возилото е **3-неупотребливо**, корозија на каросеријата, оштетување на внатрешноста, односно недостасуваат делови од моторниот простор, нерегестирани, оштетувње на пневматиците, непостоење на податоци за изминатa км и состојба на моторот, долг период на неактивност итн. Поради ова ниеден од споменатите методи нема да даде коректна вредност односно возилото треба да се третира како отпад. Согласно податоците од сообраќајната дозвола, тежината на празно возило изнесува 1581кг. Согласно извршените испитувања кај овластените отпади, откуп на возила по кг, во периодот на изготвување на процената изнесува 10 денари. Од тежината на возилото се одбиваат 15% заради делови кои не се метални (пневматици, тапацири, гумени делови и пластики).Има намалување во цената од 11 ден по кг на 10 ден за килограм поради транспорт на возилата.

1581 кг – 218 кг (15%) = 1363 кг

Вредност на возилото = 1363 кг x 10 денари = 13.630 денари

## УВИД НА ТРАНСПОРТНИТЕ СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

За што пореално проценување на транспортните средства, направен е увид на терен на 19.02.2026г. Увидот е направен по барање на ЈЗУ Општа Болница Охрид

При увидот е констатирано дека возилото е не е регистрирано, не е во функција и не е во возна состојба видно од фотодокументацијата. **Доставена е само интерна евиденција со податоци за возилото,а не е доставена сообраќајна дозвола,прифатени се податоците од нарачател /сопственикот.**

## ИЗВЕШТАЈ

за извршена поединечна проценка на возило:

1. M1 PATNICKO марка LADA

Увид направен на : 19.02.2026

**1. Општи податоци**

| | |
|---|---|
| Вид | **M1 PATNICKO** |
| Регистарска ознака | **OH-953-BF** |
| Марка | **LADA** |
| Тип | **Sanitet** |
| Број на шасија | **XTA21043010815934** |
| Број на мотор | **/** |
| Година на производство | **2000** |
| Сила на моторот во KW | **57** |
| Работна зафатнина на моторот | **1452** |
| Боја на каросеријата | **Bela/01** |

Цел на оваа проценка е да се утврди сегашната вредност на возилото.

**2. Проценета вредност**

| Опис на транспортното средство - моторно возило | | Ком. | Проц. Вредн. (МКД) |
|---|---|---|---|
| LADA | Sanitet | 1 | 13.630 ден. |

**3. Проценка на општата состојба**

| | |
|---|---|
| **Пом.Километри:** | / <br> Возилото не е регистрирано и не е во возна состојба |
| **Надворешност и моторен простор** | Лоша состојба со видливи знаци на корозија и оштетување <br> Лоша, недостасуваат делови |
| **Внатрешност:** | Лоша состојба со видливи знаци на корозија и оштетување |
| **Погонски агрегат:** | Лоша состојба на погонскиот агрегат |
| **Пневматици:** | Пневматиците се оштетени 100% |
| **Општа состојба:** | Лоша |

## ФОТО ДОКУМЕНТАЦИЈА














**ЛИСТА НА ПРОЦЕНЕТИ ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА**

**СУБЈЕКТ:** ЈЗУ Општа Болница Охрид

**АДРЕСА:** ул.Сирма Војвода бр.1 Охрид

**ЦЕЛ ЗА КОЈА СЕ ВРШИ ПРОЦЕНАТА:** Отуѓување на транспортни средства

**ДАТУМ** 23.2.2026

| ред. број | инв. број | кол. | опис на основното средство | производител/ земја на производство | тип / модел | регистарски број | број на шасија | број на мотор | сила на мотор | год. про. | нова набав. един. цена | нова вредност | вгса | ф.состојба | реал. амо. | проценета вредност | проценета вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | KW | | | | % | | % | EUR | MKD |
| 1 | | 1 | M1 PATNICKO | LADA | Sanitet | OH-953-BF | XTA21043010815934 | / | 57 | 2000 | | | | 3 | | 222 | 13.630 |
| | | | | | | | | | ВКУПНО | | | | | | | 222 | 13.630 |

1 eur = 61,5денари

Забелешка:
Податоците за субјектот и возилата се превземени од достапната документација, сообраќајни, евиденција на моторни возила и извршениот увид.

Фактичка состојба
1 Исправно
2 Неисправно (нерегистрирано)
3 Неупотребливо

Проценител:

ДРУШТВО ЗА ПРОЦЕНА И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ПРИМА ТИМ ДОО ОХРИД

## Мислење за проценета вредност

Пазарна вредност на транспортните средства би изнесувала:

**13.630 ДЕН или 222 еур.**

Ѓорѓи Медароски
дипл. менаџер по осигурување
Проценувач од областа на транспортни средства 0172-Т

**Охрид, 23.02.2026 година**

**Проценувач**

ДРУШТВО ЗА ПРОЦЕНА И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ПРИМА ТИМ ДОО ОХРИД

**Управител на друштвото**

-Извештајот е со валидност од една година.

-Проценувачот изјавува дека е направена коректна и непристрасна процена на вредноста на транспортни средства согласно пропишаната методологија и истата е направена професионално без притоа да постои конфликт на интереси.

-Мислењето за вредноста содржана во извештајот е процена согласно пропишаните прописи и нема никаква гаранција, напишана, ниту се подразбира дека средствата ќе се продадат за индицираната сума напишана во извештајот. Вкупно проценетата пазарна вредност не ја гарантира пазарната вредност што би се добила при критериуми на јавно наддавање, каде купувачот и продавачот ги изразуваат своите интереси.

-Проценувачот не превзема одговорност за правната природа на сопственоста и претпоставува дека доставените документи на увид се точни и веродостојни, а средствата преносливи.

-Мислењето за вредноста за извршената процена не не обврзува да дадеме извештај за сеопфатна процена, да сведочиме, или да присуствуваме во судски постапки, освен доколку истото не е договорено предходно.

-Проценувачот не превзема одговорност доколку процената се користи за поинаква намена освен наведената во извештајот и доколку процената ја користат лица/субјекти за кои не бил запознаен.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Комисија за полагање на стручен испит за проценувач од областа на**

**ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА**

# **У В Е Р Е Н И Е**

## **За положен испит за проценувач од областа на транспортни средства**

На Ѓорѓи Медароски со ЕМБГ 0805981430008 роден на 08.05.1981 година во Охрид, кој го положи стручниот испит за стекнување на уверение за положен испит за проценувач од областа на транспортни средства.

Именуваниот ги исполни условите за стекнување со уверение за положен стручен испит за процена од областа на транспортни средства и се стекна со уверение за положен испит за процена од областа на транспортни средства.

**Бр. 023/2023**

Скопје, Октомври 2023 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА

Вон. Проф.Др. Кристина Јакимовска

К. Јакимовска

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# ***ЛИЦЕНЦА***

НА

## Друштво за проценка и консултански услуги ПРИМА ТИМ ДОО Охрид

*за вршење на работи на процена од областа на*

**ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА**

На Друштво за проценка и консултански услуги **ПРИМА ТИМ ДОО Охрид** со ЕМБС 6971105 со седиште на ул. БУЛЕВАР ТУРИСТИЧКА бр.50/4-кат 1/локал 7 Охрид кое ги исполнува условите согласно со одредбите од Законот за процена за стекнување со лиценца за вршење на работите за процена од областа на транспортни средства.

Трговското друштво се стекна со лиценца за процена од областа на транспортни средства и е евидентирана во Министерството за транспорт и врски под број **0172-Т**.

Број: **0172-Т**
**Скопје, 09.02.2016 година**

МИНИСТЕР
**Владо Мисајловски**